**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

# ОДЛУКА

за одобрување на Извештајот за работа на Надзорниот одбор
на Стопанска банка АД - Скопје во 2025 година

Скопје, мај 2026 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (Н.О. бр. 44/27.04.2026 година, пречистен текст), Собранието на акционери на седницата одржана на 28.05.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
за одобрување на Извештајот за работа на Надзорниот одбор
на Стопанска банка АД - Скопје во 2025 година

1. СЕ ОДОБРУВА Извештајот за работењето на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје во 2025 година.

2. Извештајот за работењето на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје во 2025 година е составен дел од оваа Одлука.

4. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

С.О.бр.530/2026
28.05.2026 година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседавач,**
**Наташа Трпеноска - Тренчевска**

Стопанска банка А.Д. СКОПЈЕ 01 СКОПЈЕ

# И З В Е Ш Т А Ј
## за работењето на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје во 2025 година

Во 2025 година Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје ги извршуваше своите задачи со големо внимание и во целосна согласност со регулаторните барања, Статутот на Банката, сопствените Правила за работење и стандардите на НБГ Групацијата, придонесувајќи кон доброто корпоративно управување и стабилноста на Банката.

Надзорниот одбор постојано беше вклучен во одлуките од големо значење за Банката и активно вршеше надзор над работењето на менаџментот. Одборот редовно беше информиран за сите поважни прашања за Стопанска банка и деловното опкружување. Поточно, Надзорниот одбор редовно ги разгледуваше сеопфатените извештаи за финансиското и оперативното работење на Стопанска банка, Деловниот план, извештаите на надлежните органи и Секторот за внатрешна ревизија, Кварталните извештаи за усогласеноста на работењето на Банката со законите, голем број политики, итн. Дополнително, Надзорниот одбор беше информиран за поголемите промени во релевантното законодавство и за прашања поврзани со внатрешните контроли.

Како што е објаснето подетално во следниот дел од Извештајот, Надзорниот одбор успешно придонесе кон заштита и унапредување на долгорочните интереси на Банката.

### 1. Начин на работење на Надзорниот одбор

Седниците на Надзорниот одбор се оддржуваа во согласност со законски определената динамика, односно најмалку еднаш квартално. Во 2025 година, Надзорниот одбор организираше 10 редовни седници, на кои беа адресирани сите прашања од особена важност за Банката во согласност со неговите надлежности. Помеѓу седниците, во 8 прилики, беа разгледани/одобрени одредени точки со писмена согласност.

Надзорниот одбор ги организираше своите седници во согласност со Годишниот план за работа за 2025 година и во согласност со одговорностите определени во Законот за банки и интерните акти.

1/ Надзорниот одбор беше навремено информиран за сите значајни настани во Банката и земјата преку кварталните Извештаи за макроекономските настани и финансиските и деловните активности на Управниот одбор. Надзорниот одбор го одобри Деловниот план и Политиката за развој на Стопанска банка за периодот 2025–2027 и активно го следеше нивното спроведување, како и вкупното работење на Банката.
Управниот одбор редовно доставуваше детални информации до Надзорниот одбор во врска со деловните активности и управувањето со Банката. Генералниот извршен директор обезбеди сеопфатен преглед на финансиската состојба на Банката, состојбите во банкарскиот сектор и пошироките економски услови. Покрај тоа, Генералниот директор за управување со ризици го поддржуваше Генералниот извршен директор со презентирање на состојбата во врска со управувањето со ризиците, ликвидноста и управувањето со капиталот на Банката и ги презентираше извештаите за работењето на Одборот за управување со ризици.

2/ Во рамките на своите одговорности, Надзорниот одбор изврши Годишна евалуација на членовите на Управниот одбор, Одборот за ревизија и Одборот за управување со ризици. Процесот на оценување опфати разгледување на нивното работење и перформанси во однос на регулаторните критериуми, исполнувањето на нивните обврски во текот на годината, ефективноста на нивното учество во процесите на донесување одлуки, како и нивниот придонес кон остварувањето на стратешките, финансиските и целите поврзани со управување со ризици на Банката. Преку ова оценување, Надзорниот одбор ја потврди континуираната соодветност и ефективност на овие тела, обезбедувајќи дека структурата на корпоративното управување останува стабилна и усогласена со барањата од Законот за банки и внатрешните акти на Банката.

3/ Покрај процесот на оценување, Надзорниот одбор имаше клучна улога во процесот на селекција, оценката на соодветност и именувањето на повеќе членови на органите на управување на Банката во текот на 2025 година, вклучително и носители на високи извршни функции како што се Генерален извршен директор и Претседателот на Управниот одбор, Генерален директор за финансии, Генерален директор за банкарство на мало, Генерален директор за корпоративно банкарство, Генерален директор за оперативни работи и Генерален директор за управување со ризици. Овие одлуки, донесени во строга согласност со регулаторната рамка и внатрешните политики за корпоративно управување, имаа значајно значење за Банката, бидејќи обезбедија континуитет во раководењето, го зајакнаа извршниот капацитет и ја поддржаа долгорочната стратешка и оперативна стабилност на Банката. Преку овие оценки и именувања, Надзорниот одбор ја зајакна целокупната ефективност на структурата на корпоративното управување и придонесе кон обезбедување стабилно и претпазливо управување со Банката.

4/ Преку годишните планови и редовните извештаи на Секторот за внатрешна ревизија и Секторот за усогласеност, Надзорниот одбор го следеше работењето на одговорните лица на контролните функции и беше соодветно информиран за прашањата од усогласеност / регулатива и внатрешна ревизија. Понатаму, посебно внимание беше посветено на следењето на препораките на Народна банка до нивната целосна имплементација, и преглед на извештаите на Народна банка од супервизиите поврзани со платните инструменти преку далечинска комуникација, и супервизијата поврзана со управувањето со кредитниот ризик, каматен ризик во банкарската книга, ризик кој произлегува од перење пари и финансирање тероризам (AML/CFT), како и степенот на усогласеност и постапувањето на Банката по претходно издадените супервизорски мерки. Дополнително, Надзорниот одбор ги разгледа извештаите од Секторот за внатрешна ревизија во врска со следењето на статусот на корективните мерки кои произлегуваат од супервизијата на Народната банка за платните инструменти преку далечинска комуникација. Преку разгледување на овие материјали и придружните Акциски планови, Надзорниот одбор обезбеди целосен надзор над напредокот на Банката во отстранувањето на утврдените супервизорски наоди и одржа ефективна соработка со Народната банка.
Офицерот за информатичка сигурност, исто така, го информираше Надзорниот одбор во врска со ризиците по информатичката сигурност и тековните случувања на полугодишно ниво.

5 / Надзорниот одбор дополнително ги поддржа активностите на Банката во областа на корпоративното банкарство преку разгледување и одобрување на низа предлог-одлуки поврзани со соработката со корпоративни клиенти, вклучително и прашања што се однесуваат на големи домашни компании и клучни сектори на економијата. Овие одлуки претставуваа составен дел од супервизорската улога на Надзорниот одбор во обезбедувањето дека корпоративното кредитирање, партнерствата

и стратешките ангажмани се усогласени со апетитот за ризик на Банката, нејзините деловни цели и регулаторните очекувања.
Покрај тоа, во согласност со своите законски надлежности согласно Законот за банки, Надзорниот одбор ги одобруваше трансакциите со поврзани лица што потпаѓаат под неговите овластувања за одобрување, обезбедувајќи соодветно корпоративно управување, транспарентност и усогласеност во сите такви случаи

6/ Во текот на 2025 година, беа разгледани и одобрени повеќе политики и внатрешни акти кои се во надлежност на Надзорниот одбор. Во нив спаѓаат Рамката за апетит за ризик, ILAAP рамката, ICAAP рамката, Политиката за управување со ликвидносен ризик, Планот за управување со ликвидносен ризик во вонредни услови, Кодексот за корпоративно управување, Политиката за судир на интереси, политика и процедури за годишна оцена на работењето и ефективноста на органите на банката, Политиката за управување со ризик во земјата и Политиката за управување со правен ризик, како и Деловникот за работа на Надзорниот одбор и Деловниците за работа на Одборот за ревизија и Одборот за именување и наградување. Дополнително, Надзорниот одбор го одобри Планот за опоравување на Банката, како и Политиката за одговорна употреба на вештачка интелигенција

7/ Во 2025 година, Надзорниот одбор ги разгледа и подготви сите регулаторно пропишани материјали за Годишното собрание на акционери, вклучително и статутарните одлуки, финансиските извештаи, годишните извештаи и другите точки што се во негова надлежност. Притоа, Надзорниот одбор ги разгледа и предлозите доставени од страна на акционерите за вклучување во дневниот ред, обезбедувајќи целосна усогласеност со законските барања и транспарентни процеси на корпоративно управување.

8 / Во текот на 2025 година, Надзорниот одбор дополнително ја зајакна својата улога во креирањето на стратегијата, супервизијата и управувањето со ризици. Беше организирана посебна седница на Надзорниот одбор за стратегија („Ден на стратегијата“) со цел продлабочување на вклученоста на Одборот во стратешките приоритети на Банката и нејзината долгорочна насока. Дополнително, Надзорниот одбор формално го воспостави Одборот за надзор на управувањето со ризиците, како ново тело на ниво на Надзорен одбор, формирано со цел обезбедување високо ниво на независен надзор над стратегијата за ризици на Банката, рамката за управување со ризици и спроведувањето на клучните активности поврзани со ризици. Во рамки на овој процес, Надзорниот одбор ги разгледа и одобри Деловникот за работа на Одборот за надзор на управувањето со ризиците и ги назначи неговите први членови, со што се унапреди целокупната структура на корпоративното управување и се зајакна капацитетот на Одборот за структуриран, проактивен и независен надзор над ризиците.

***<u>Редовност на седници</u>***

Согласно гореспоменатото, Надзорниот одбор одржа 10 редовни состаноци. Помеѓу состаноците, во 8 наврати беше одлучувано со писмена согласност за која сите членови позитивно се изјаснуваа.

Учество на седници

| Член | Состаноци на Надзорен Одбор | Состаноци на Одбор за ревизија | Состаноци на Одбор за именување и наградување | Вкупно присуство, во % (сите седници) |
|---|---|---|---|---|
| М. Стратопулос | 10/10 | 4/4 | 5/5 | 100% |
| С. Ќосев | 9/10 | - | 5/5 | 90% |
| В. Филиповски | 10/10 | 4/4 | 5/5 | 100% |
| П. Карандреас | 10/10 | 3/4 | - | 90% |
| Г. Тагарис | 10/10 | - | - | 100% |
| Г. Толиа | 8/8 | - | - | 100% |
| Д. Доима | 4/4 | - | - | 100% |

**Дел од членовите на Надзорниот одбор се исто членови и на Одборот за ревизија и Одборот за именување и наградување, односно нивното учество во овие тела е исто така прикажано (4 седници на Одборот за ревизија и 5 на Одборот за именување и наградување)*

3. **Надзор и соработка со другите тела/ одбори на СБ (Управниот одбор, Секторот за внатрешна ревизија, Секторот за усогласеност на работењето со прописите, Одборот за управување со ризиците, Одборот за именување и наградување и Одборот за ревизија)**

Редовното одржување на седниците и постојаната комуникација со менаџментот обезбеди активна размена на информации помеѓу Надзорниот одбор и Управниот одбор. Надзорниот одбор редовно ги рагледуваше и анализираше извештаите на Управниот одбор, на тој начин потврдувајќи дека спомenатите извештаи претставуваат комплетна и соодветна слика на финансиските резултати, најважниот аспект од работењето на Банката, како и на работењето на Управниот одбор во 2025 година. Дополнително, Генералниот извршен директор имаше редовна комуникација со Претседателот на Надзорниот одбор за сите позначајни работи.

Надзорниот одбор имаше активна и отворена комуникација со Секторот за внатрешна ревизија и Секторот за усогласеност на работењето со прописите, и ги одобри нивните годишни планови за работа, редовно ги разгледуваше и дискутираше нивните извештаи, итн. Дополнително, Надзорниот одбор го следеше работењето на Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Одборот за именување и наградување преку разгледување на нивните месечни, квартални или периодични извештаи за работа.

Се на се, Надзорниот одбор имаше активна комуникација и активно ја следеше работата на другите одбори и контролни функции на Банката.

**4. Наградување на членовите на Надзорниот одбор**

Сите членови на Надзорниот одбор имаат право на надомест за нивното учество во работата на Надзорниот одбор.

Во согласност со најдобрите практики за корпоративно управување, членовите на Надзорниот одбор се платени само со фиксен надомест одобрен од Собранието на акционери. Не се применува варијабилен надоместок, со цел да се минимизираат потенцијалните судири на интереси помеѓу менаџерските и надзорните функции на Банката.

Надоместокот се одредува како фиксна годишна сума, без оглед на бројот на присуствувани состаноци или одбори во кои учествува членот. Поголем надоместок се обезбедува на членовите кои преземаат дополнителни одговорности, како што се претседавање со Надзорниот одбор или учество во неговите одбори.

Собранието на акционерите одлучи дека членовите на Надзорниот одбор имаат право на следниве годишни надомести (нето износи):

- Претседател на Надзорниот одбор: 20.000 евра
- Член на Надзорниот одбор и претседател на одбор: 12.000 евра
- Член на Надзорниот одбор: 10.000 евра

Според одлуката на Одборот на НБГ, службениците на НБГ Групацијата кои учествуваат во Надзорниот одбор на СБ како претставници на акционерот не добиваат надомест од Стопанска банка. Надоместокот на вработените во НБГ Групацијата се смета за доверлив и не е објавен во овој извештај.

Ревидираната структура на надомести ги одразува пазарните стандарди и соодветно го признава зголемениот опсег на одговорности и работен товар на членовите на Надзорниот одбор.

## 4. Само-оценување на работењето на Надзорниот одбор од аспект на индивидуалните членови и заеднички

За да се процени неговата ефикасност и ефективност, да се идентификуваат потенцијални области за зајакнување и да се обезбеди целосна усогласеност со применливите закони и внатрешни регулативи, членовите на Надзорниот одбор редовно вршат самооценување на своите активности – од индивидуален и колективен аспект. Процесот на евалуација ги зема предвид вештините, искуството, независноста и знаењето на членовите, како и способноста на Надзорниот одбор да функционира ефективно како кохезивно тело.

Оценките потврдуваат дека, заклучно со 2025 година, Надзорниот одбор е целосно усогласен со клучните регулаторни и корпоративни барања поврзани со составот на одборот, структурата на членството, мандатите и критериумите за професионални вештини. Членовите имаат обемна професионална експертиза, широк регионален опфат и, во одредени случаи, меѓународно искуство.

Надзорниот одбор е составен од високо квалификувани членови чии компетенции опфаќаат широк и добро балансиран спектар на критични области, вклучувајќи лидерство, финансии, стратегија, информациска технологија, управување со ризик и внатрешни контроли. Заедно, членовите поседуваат длабоко познавање на финансиската состојба и ризичниот профил на Банката и покажуваат силна соработка и синергија, овозможувајќи ефективен и независен надзор врз работењето на Банката. Ниту еден член не се смета за оптоварен со дополнителни (надворешни) обврски.

По структуриран процес на унапредување на работењето врз основа на проценката на ефикасноста на одборот од ангажиран надворешен советник, составот на Надзорниот одбор е зајакнат за подобро да ги адресира променливите потреби на Банката. Од 2025 година, Одборот ја одразува зголемената разновидност на вештини релевантни за променливата банкарска средина, вклучувајќи дигитализација, ИТ и ESG компетенции, како и подобрена родова застапеност. Процесот на зајакнување на независноста на Одборот започна со иницирање на именување на уште еден независен член на Одборот, со цел да се зголеми објективноста, надзорот и придржувањето кон најдобрите стандарди за корпоративно управување.

Дополнително, Надзорниот одбор го оцени работењето на Управниот одбор во 2025 година. Врз основа на оценката, може да се заклучи дека работењето на Управниот одбор на Стопанска банка во целина се оценува со висока оценка, што значи дека Одборот работи во согласност со релевантните регулативи и стандардите за корпоративно управување на Групата и ефективно ја исполнува својата улога и должности. Членовите на Надзорниот одбор немаат никакви резерви во однос на професионалните квалификации, личната доверливост и интегритетот на членовите на Управниот одбор.

### 5. <u>Судир на интереси & преземени мерки</u>

Во 2025 година, застапеноста помеѓу независните членови и оние што ја претставуваат НБГ е во согласност со регулаторните барања (1/4 од составот, односно, два од седум). Двајцата членови служеа два последователни мандати и се предложени за повторно назначување за трет и последен мандат како независни членови.
За да биде разгледан од страна на Надзорниот одбор и да биде предложен на Собрание на акционери како независен член, кандидатот не смее да има воспоставено материјален однос со Банката, менаџментот, акционерите / и или Групата кои би можеле да му влијаат во остварувањето на независното одлучување и во спроведувањето на одговорностите како независен член.
Критериумите се дефинирани во законите и Кодексот за корпоративно управување на СБ.

Во оваа насока, заклучно со 31 декември 2025 година, ниту еден член на Надзорниот одбор или Управниот одбор не поседува обични акции со право на глас на Стопанска банка АД – Скопје. Во врска со приоритетните кумулативни акции без право на глас, еден член на Надзорниот одбор и еден член на Управниот одбор поседуваат мал незначаен број акции (помалку од 0,1%).

Заклучок: сите критериуми за независност се почитуваат и не е пријавен конфликт на интереси од страна на било кој член на Надзорниот одбор за време на извештајниот период.

Ја изразуваме нашата благодарност до членовите на извршното раководство и сите вработени на Стопанска банка АД - Скопје за нивниот професионализам и посветена работа кон постојано остварување на мисијата и стратешките цели на Банката.

Н.О. бр. _____/2026 година
27.4. 2026
Скопје

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

Маринис Стратопулос
**Претседател**